

# **ЗЕЛС** ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ **2006**

**ЗЕЛС**

**Заедница на единиците на локалната самоуправа**
**на Република Македонија - ЗЕЛС**

# ОД РАКОВОДСТВОТО



**Андреј Петров**
Претседател на ЗЕЛС



**Душица Перишиќ**
Извршен директор на ЗЕЛС

Зголемени дотации за образованието за 25%; предадени бази на податоци од страна на УЈП; вратени 90% од долговите во образованието, направени пред стартот на децентрализацијата; започнати преговори за можните начини на разрешување на долговите на општините кон ЕВН-ЕСМ; доставени бројни предлози и иницијативи за законски измени; изготвен нов Стратегиски План на ЗЕЛС за период од 2006 до 2011 година ... Ова се само дел од успесите што во текот на 2006 година, ЗЕЛС ги направи во интерес на локалната самоуправа, а кои беа резултат на огромната ангажираност, активности и напорна работа. На седниците на Комисиите на ЗЕЛС, на состаноците на Управниот Одбор, на Генералното Собрание, беа изнесувани и поставувани уште низа проблеми со чие разрешување општините би добиле поголема финансиска стабилност, можности за локален економски развој и можности за обезбедување на поквалитетни услуги за своите граѓани, што е и основата идеја и цел на започнатиот процес на децентрализацијата на власта во земјава. Во тој правец ЗЕЛС постојано упатуваше барања и предлози до централната власт за пренесувањето на градежното земјиште во сопственост на општините, за зголемувањето на приходот од ДДВ на 5,55% и на приходот на персоналниот данок на најмалку 30%, за расчистувањето на имотно правните односи за објектите сопственост на општините, за вклучување на општините при распределбата на земјоделското земјиште и на процентот од приходите од концесиите и за поголема вклученост на претставници на ЗЕЛС во сите органи и тела на централната власт во кои се решаваат прашања од интерес на локалната власт.

Но, во своето работење, ЗЕЛС не беше насочен само кон централната власт, туку напротив и во текот на 2006 година продолжи со своите активности на полето на градење и јакнење на капацитетите на локалната администрација. За таа цел, со поддршка на повеќе меѓународни донаторски организации спроведе низа обуки и организира значајни тематски конференции. Една од позначајните конференции беше „Една година децентрализацијата на власта во Република Македонија“ настан на кој ЗЕЛС ги презентираше своите успеси и идни планови при што потврди дека и покрај сите тешкотии и слабости, децентрализацијата на власта во земјава претставува голем исчекор во поглед на развојот на општеството во целина.

Еден од поважните настани во 2006 беше донесувањето на Стратегискиот план на ЗЕЛС за периодот од 2006 до 2011 година, документ од огромна важност за Заедницата и за општините. Во него ЗЕЛС сама си постави низа задачи за натамошното градење на системот на локалната самоуправа по мерка на граѓанинот, издвојувајќи четири главни стратегиски цели и утврдувајќи ги начините за нивното реализирање. ЗЕЛС уште еднаш потврди дека и натаму ќе продолжи со зацртаните цели на афирмација на локалните демократски вредности, продлабочувајќи ја соработката со бројни домашни и странски субјекти и дека ќе биде предводник во решавањето на актуелните прашања од значење за општините и во иднина. На ЗЕЛС му претстојат предизвици кои се значајни за продолжување на демократскиот амбиент на локално ниво, особено во процесите на евро-интеграцијата, но и на полето на развој на македонското демократско општество со силна локална самоуправа.

# КРАТКО ЗА ЗЕЛС

Заедница на единиците на локалната самоуправа на Република Македонија-ЗЕЛС е формирана во 1972 година. Во периодот од 1990 до 1996 година, кога во земјава не постоеше сеопфатен закон за локалната самоуправа, ЗЕЛС беше алката на поврзување на активностите на општините и претставник на нивните ставови пред централната власт. Со понатамошна континуирана посветеност кон заштита и развој на локалната самоуправа, ЗЕЛС се етаблира во достоен репрезент на ЕЛС и значаен партнер на Владата во спроведувањето и развојот на децентрализавијата на власта во земјава. ЗЕЛС беше особено во фокусот на интерес, во периодот на градењето на регулативата за децентрализација на власта, но и сега, при нејзината имплементација. ЗЕЛС продолжува со реализација на целите за афирмација на локалните демократски вредности, засновани на принципите на деполитизираност, рамноправност на членките, лојалност, политичка независност и професионалност, кои се насочени во правец на градење на силна локална самоуправа во Република Македонија.

# ВИЗИЈА

"ЗЕЛС е посветен на градење на систем на локална самоуправа по мерка на граѓаните, со единици на локалната самоуправа кои се успешни, ефикасни и финансиски независни"

# МИСИЈА

Национална асоцијација на единиците на локалната самоуправа која ги застапува и афирмира нивните интереси пред централната власт и јавноста и преставува центар за услуги од сферата на локалната самоуправа.

# ВРЕДНОСТИ

**НЕПОЛИТИЗИРАНОСТ**
ЗЕЛС е отпорна на политичките влијанија при градењето на своите ставови кои се одраз на интересот на сите членки.

**РАМНОПРАВНОСТ**
ЗЕЛС ги застапува заедничките интереси не сите членки врз рамноправна основна.

**ДОСТАПНОСТ**
ЗЕЛС обезбедува услуги еднакво достапни до сите членки/ЕЛС, без фаворизирање.

**ЛОЈАЛНОСТ**
Висок степен на лојалност на членките кон ЗЕЛС.

**НЕЗАВИСНОСТ**
Економска / финансиска автономност / независност на ЗЕЛС.

**ЕВРОПСКИ СТАНДАРДИ**
Достигнување на европски стандарди и вредности.

**ПРОФЕСИОНАЛНОСТ**
Високи стандарди на професионална работа: етичност, одговорност, достапност, стручност, компетентност, транспарентност

# СТРАТЕГИСКИ ЦЕЛИ

- ЗЕЛС ќе ја има водечката улога во градењето и понатамошното усовршување на системот на локална самоуправа во Република Македонија;
- ЗЕЛС ќе воспостави механизми за соодветно да одговори на потребите на сите членки;
- ЗЕЛС ќе обезбеди финансиска одржливост / градење на дополнителни услуги;
- ЗЕЛС ќе им помага на своите членки во пристапот до ЕУ фондовите - линк меѓу фондовите на ЕУ и ЕЛС.

# ЧЛЕНСТВО И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

ЗЕЛС е член на:

- CLRAE Конгрес на локални и регионални власти во Европа
- CEMR- Совет на европските општини и региони
- NALAS-Мрежа на асоцијации на локални власти од Југоисточна Европа

# ОРГАНИ НА ЗЕЛС

- **Генерално Собрание**
- **Управен Одбор**
- **Надзорен Одбор**

# ГЕНЕРАЛНО СОБРАНИЕ

Генералното Собрание е највисокиот орган на ЗЕЛС.

Со цел ефикасно функционирање, на 28 Седница на Постојниот Комитет на ЗЕЛС, одржана на 27 октомври, 2004 година, беше усвоен новиот Статут на ЗЕЛС со кој се намали обемот на составот на органите, па беше воспоставено Генералното Собрание со вкупно 85 делегати - сите актуелни градоначалници на општините и на Град Скопје. Генералното Собрание донесува Статут, програма и други акти за Заедницата, усвојува Годишен извештај, насоки и план за работа. Усвојува финансиски план и завршна сметка на Заедницата. Од својот состав избира и разрешува членови на Управниот Одбор на ЗЕЛС и на Надзорниот Одбор и врши други работи во согласност со Статутот и општите акти на Заедницата.

# ОДДРЖАНО ЕДНО ГЕНЕРАЛНО СОБРАНИЕ НА ЗЕЛС

Во текот на 2006 година беше оддржано едно Генерално Собрание на ЗЕЛС, трето по ред од овој состав на градоначалници, и тоа на 11 декември, во Скопје, на кое со поздравен говор се обратија Амбасадорката на САД во нашата земја Н.Е. Џилијан Миловановиќ, и Н.Е. Раиф Андреас Брет, Амбасадорот на Сојузна Репулика Германија. Присутен беше и министерот за локална самоуправа Зоран Коњановски и бројни гости од меѓународните организации во земјва. Беа утврдени дел од натамошните заложби на ЗЕЛС: градежното земјиште да се префрли во сопственот на општините, приходите од ДДВ да бидат зголемени на 5,55%, а од персоналниот данок да се одвојува најмалку 30% за општините, да се зголеми стапката на надомест за улично осветлување на 30 Кв/ч, во најкус можен рок да се изнајде адекватно решение за наследените долгови на општините кон градежните фирми и јавните претпријатија и да се расчистат имотно правните односи за објектите на општините. Потоа, општините да бидат вклучени при распределбата на државното земјоделско земјиште, а закупнината на ова земјиште да се распределува помеѓу државата и општината во еднаков сооднос, распределбата, пак, на приходите од концесиите да бидат во однос 40%-60% за државата и општината. Се говореше и за актуелните проблеми околу барањата на централната власт, градоначалниците да се справат со дивите градби, во голем процент наследени од претходниот период, за чие рушење беше истакнато дека се потребни големи финансиски средства со кои општините не располагаат. Потенцирано беше прашањето на уредувањето на плажите, што се уште се во сопственост на централната власт. Се говореше и за трошоците за експропријација кои во целост се товар на општините и на Градот Скопје, потоа за се уште неисплатени долгови кон градежните претпријатија, долговите на јавните претпријатија, проблемите во образованието и повторувањето на случаите на одземање на надлежностите од овој домен на некои општини. Градоначалниците од руралните општини, кои претставуваат половина од вкупниот број на општини во земјава, пак, ги потенцираа проблемите со кои тие се судрuваат, при што предлагаа и соодветни начини за постепено надминување на лошата состојба во која се наоѓаат. Беше предложено ЗЕЛС да има удел во постапките на одлучување за располагање и доделување на средства од соодветните развојни фондови, и тоа да претставува прашање од висок приоритет во поглед на развојната компонента на општините.

Беа донесени повеќе заклучоци: УО на ЗЕЛС да го продолжи дијалогот со Владата на РМ, како највисок приоритет во понатамошните активности да биде лобирањето за измени на Законот за градежното земјиште, да се продолжи со активностите за утврдување на механизмите за зголемување на фискалната моќ на општините и дел од средствата кои се предвидени за компјутеризација на училиштата да се побара да се пренамената за реконструкција на руинирани училишни објекти. Генералното Собрание заврши со најава за нова седница во месец мај, следната година.



## УПРАВЕН ОДБОР

Управен Одбор на ЗЕЛС брои 19 членови, кои се избираат на Генерално Собрание, од неговите членови и имаат мандат од две години. Според Статутот, 30% од новоизбраните членовите треба да бидат од претходниот состав на УО, со цел обезбедување на континуитет во работењето. Избира претседател и двајца потпретседатели. Одлучува за основање на комисии, краткорочни работни групи во рамките на ЗЕЛС. Го избира и разрешува Извршниот директор. Управува и одговара за имотот на Заедницата и подготвува Годишен и периодичен извештај за својата работа.



## ЧЛЕНОВИ НА УПРАВЕН ОДБОР НА ЗЕЛС

- **Андреј Петров** - претседател
- **Невзат Бејта** - потпретседател
- **Коце Трајановски** - потпретседател
- **Трифун Костовски** - градоначалник на Град Скопје
- **Аце Коцевски** - градоначалник на Општина Велес
- **Виолета Аларова -** градоначалник на Општина Центар
- **Рами Ќерими** - градоначалник на Општина Теарце
- **Марјан Ристески** - градоначалник на Општина Прилеп
- **Зоран Заев** - градоначалник на општина Струмица
- **Душко Јовановски** - градоначалник на општина Пробиштип
- **Имер Селмани** - градоначалник на Општина Сарај
- **Лефкија Гажоска** - градоначалник на Општина Крушево
- **Николче Чурлиновски** - градоначалник на Општина Валандово
- **Изет Меџити** - градоначалник на Општина Чаир
- **Александар Петрески** - градоначалник на општина Охрид
- **Владимир Талевски** - градоначалник на Општина Битола
- **Сание Садику** - градоначалник на Општина Осломеј
- **Борис Гаврилов** -градоначалник на Општина Карбинци
- **Тони Коцевски** - градоначалник на Општина Јегуновце

## ОДДРЖАНИ ДЕВЕТ СЕДНИЦИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЗЕЛС

Во текот на 2006 година беа одржани девет седници на Управниот одбор на ЗЕЛС. На првата седница во оваа година (11 седница на УО) продолжија дискусиите од претходната година за проблемите во образованието предизвикани од недоволните средства од наменските дотации, особено за огрев на училиштата. Прашањето на разрешување на долговите на општините беше едно од актуелените теми на членовите на УО, кои прифатија еден, од трите понудени предлози на Комисијата за финансии, подготвени со помош на експерти од Проектот за децентрализација на УСАИД (ДАИ) и истиот беше доставен до Владата. Концептот на Предлогот беше: доверителите да ги простат каматите, државата на доверителите да им го исплати целиот главен долг одеднаш, а потоа општините својот износ да и го отплаќаат на државата во текот на 7 години со 3% камата.

На 13 седница беше дискутирано околу прераспределбата на ДДВ, кога сите присутни беа едногласни дека е потребно да се покрене иницијатива за изменување и дополнување на Законот за финасирање на ЕЛС, во делот на

висината на стапката од распределувањето од ДДВ за општините и да се побара зголемување. Од страна на градоначалниците на општините во Скопје и на Градот Скопје беше покрената иницијатива за нова распределба на ДДВ меѓу општините, што предизвика големи полемики меѓу членовите на УО. Членовите беа информирани за разговорите од двете средби меѓу претставниците од ЗЕЛС и директорката на УЈП за договорениот начин и услови на префрлање на базата на податоци за даноци на имот на секоја општина поединечно.

На 21 септември, 2006 година, во Охрид, се одржа 17 Седница на УО на ЗЕЛС, што претставуваше прва седница по парламентарните избори одржани во јули. Донесена е Декларација со која ЗЕЛС изрази остар протест и осуда за нападите и заканите по животот и угледот на градоначалниците на општините Прилеп и Шуто Оризари и за вандалските упади во административните простории на градоначалниците на општините Гостивар и Бутел и упати апел до Министерството за внатрешни работи да изнајде начини да ја зголеми безбедноста на градоначалниците и на општинските објекти.

Членовите на УО во своите дискусиите, особено внимани и посветуваа на темата за префрлање на градежното земјиште на општините.

За резрешување на овој проблем, ЗЕЛС доби силна поддршка и од меѓународните претставници во нашата земја и од меѓународните организации. Светската банка во својот Извештај за прашања поврзани со урбаниот и општинскиот развој, потенцира дека сеуште непрефрленото земјиште на општините претставува сериозен проблем за унапредување на локалниот економски развој и доведува до економскиот регрес на граѓаните во нашата земјава. Беше поднесено и барање за заголемување на процентот од собраниот персонален данок во полза на општините, како и укинување на повластувањата што стопанските организации ги имаат при плаќањето на данок на имотот на производните погони. Областа на образованието беше исто така една од честите теми на дискусија на членовите на Управниот Одбор. Се говореше за начините за утврдување на нова формула за распределба на наменските дотации, тема за чие разрешување ЗЕЛС добиваше голема подршка од експерти од Проектот за децентрализација на УСАИД, за што беше организирана и посебна работилница. УО упати остри реакции и на непринципиелните мерки на МОН за одземање на надлежноста за образование на одредени општини. Беа предлагани и низа иницијативи во областа на концесиите за минерални суровини, за шуми, води и други природни богатства како можност за нови извори на приходи на општните, а беше разговарано и за урбанизмот, за потребата од меѓуопштинската соработка, за преземање на мерки за рамномерен регионален развој, потоа проблемите околу префрлање на бројни културни и спортски објекти и друго. Голем број од темите разгледувани на УО, беа иницирани на седниците на комисиите на ЗЕЛС. За сите овие прашања УО утврди генерални ставови, кои во месец ноември беа упатени до Министерството за финасии.

## КОМИСИИ НА ЗЕЛС

ЗЕЛС има вкупно 11 комисии, кои ги опфаќаат сите области од надлежност и од интерес на работењето на локалната самоуправа. Секоја комисија во проесек има околу осум члена и сите се актуелни градоначалници. Во текот на 2006 година, на 14-тата Седница на УО, оддржана во Гостивар, претседателите на Комсиите добија препорака да формираат Техничка група на Комисијата, со претставници од општинската администрација од соодветни одделенија или сектори. На седниците на комисиите се изнесуваат важни сугестии, забелешки и предлози за одредени проблеми, а во текот на 2006 година поголем број комисии иницираа важни измени на законски одредби кои ја тангираат локалната власт и ги доставуваа до УО. Она што беше прифатено администрацијата на ЗЕЛС го преточуваше во конкретни ставови и барања и истите ги доставуваше до надлежните министерства и органи.

### 1. КОМИСИЈА ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ

**Претседател:** Александар Петрески-градоначалник на Општина Охрид.

**Членови:** Жика Стојановски-градоначалник на Општина Илинден, Панчо Минов-градоначалник на Општина Кавадарци, Љупчо Најдовски-градоначалник на Општина Демир Хисар, Јованчо Станоевски-градоначалник на Општина Пехчево, Фидаил Салифоски-градоначалник на Општина Пласница, Димитар Бузлевски-градоначалник на Општина Ресен.

**Координатор на Комисијата:** Виктор Арнаудоски.

Вообичаена практика на работа на оваа Комисија е дистрибуцијата на предлог актите и останатите материјали, предмет на понатамошно разгледување, да се врши по електронски пат. Оттука дистрибуирани и разгледани се неколку значајни прописи, по нив е прибрано мислење и истото во форма на сумирани забелешки и предлози за изменување и дополнување на предлог актите се доставени до предлагачот. Како најзначајни прописи од оваа област би се издвоиле:

**1.** Критериуми за распределба на средства утврдени со Буџетот на Република Македонија согласно Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води;

**2.** Предлог за донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води (Службен весник на Република Македонија бр. 68/05);

**3.** Достава на апликациони листови со податоци за состојбата со проектите за водоснабдителните и канализационите системи, како и состојбата со проектите од локалната патна инфраструктура која ги поврзува сите населени места;

**4.** Законот за изменување и дополнување на Законот за комуналните такси во делот со кој се утврдува износот на комуналната такса за улично осветлување;

**5.** Законот за гробиштата и погребалните услуги.

Членовите на комисијата се активно вклучени во презентирањето на ставовите на ЗЕЛС на значајни настани, при соработката во рамките на работните подгрупи за децентрализација, организирани од страна на Министерството за транспорт и врски и Европската Агенција за реконструкција, соработка со АДКОМ (Асоцијација на даватели на комунални услуги), соработка со останати меѓународни организации и институции за преземање заеднички активности за подобрување на состојбите во комуналната сфера итн.

## 2. КОМИСИЈА ЗА ЗДРАВСТВО И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

**Претседател:** Роберт Велков-Градоначалник на Општина Радовиш.

**Членови:** Аргетим Фида-градоначалник на Општина Дебар, Венко Пашалиски-градоначалник на Општина Берово, Невзат Елези-градоначалник на Општина Боговиње, Звонко Цветковски-градоначалник на Општина Петровец, Фуад Дурмиши-градоначалник на Општина Маврово и Ростуше, Николче Чурлиновски-градоначалник на Општина Валандово

**Координатор на Комисијата:** Павлина Рибарска.

Комисијата за здравство и социјална заштита во текот на 2006 оддржа две седници на кои беа разгледувани повеќе значајни прашања од актуелните состојби и спроведувањето на здравствените реформи, особено за отпочнатата постапка за приватизација на примарното здравство. На втората седница на Комисијата беше повикан претставник од Министерството за здравство кој укажа дека здравствената заштита во Македонија не се планира да се организира во рамките на општинските граници бидејќи според податоците на Министерството малите локални самоуправи не се во можност да обезбедат целосна здравствена заштита (пр. обезбедување матичен лекар, стоматологија, гинекологија, аптеки ...). Сегашните надлежности на ЕЛС во здравството главно се однесуваат на здравственото воспитување, превенцијата на заразните болести, здрава животна средина,...Членовите на Комисијата особено ги потенцираа проблемите за итната медицинска помош и проблемите со примарното здравство во руралните средини каде има мал број жители и потенцијални пациенти и каде и покрај малата закупнина не се пријавува никој да врши медицински услуги. Комисијата достави предлог-барање до Министерството за здравство во малите, да се предвиди дополнителен стимул за лекарите (зголемување на капитацијата или загарантиран износ на основната плата), а беше побарано бенефити да добиваат и лекарите од училишните ординации.

## 3. КОМИСИЈАТА ЗА РАЗВОЈ НА ЗАЕДНИЦИТЕ

**Претседател:** Изет Меџити, градоначалник на Општина Чаир.

**Членови:** Горан Каравилоски-градоначалник на Општина Кривогаштани, Мите Андоновски-градоначалник на Општина Кратово, Владимир Толески-градоначалник на Општина Кичево, Изудин Каришиќ-градоначалник на Општина Долнени, Стојо Павлески-градоначалник на Општина Другово, Никола Андонов-градоначалник на Општина Ново Село

**Координатор на Комисијата:** Ардита Дема

На крајот на 2005, а особено во 2006 година, Комисијата за развој на заедниците при ЗЕЛС на повеќе седници го разгледуваше текстот на Уредбата за трговски дејности од мал обем и начинот на нивната регистрација, донесена од Владата на Р.М. на 27.07.2005 год. Членовите констатираа дека оваа Уредба дава добри насоки за намалување на сивата економија и невработеноста во земјава но, дека е потребно итна измена или дополнување на одредени членови, или пак донесување на посебен закон со кој би се регулирала оваа област. Членовите на комисијата дадоа повеќе забелешки, а особено беа категорични данокот за вршење на оваа дејност да претставувува приход на општината.

Во организација на ЗЕЛС, со поддршка на УНДП, Проектот на ЕАР за прилагодување на трговското законодавство и Здружението на правниците од стопанството на Р.М, беше одржана Конференција на тема „Трговската дејност од мал обем, регулатива и практика" на која беа донесени одредени ставови за измени во Уредбата. Истите беа усвоени од У.О, а потоа беа доставени до Владата. Формирана беше Работна група која заедно со ЗПС изготви модел акти согласно уредбата кои понатаму со финансиска помош од страна на УНДП беа преточени во софтверско решение. Се изработи софтвер, регистар на дејности од мал обем, кој во ЦД беше дистрибуиран до општините и Градот Скопје, а беше спроведена и обука на дел од општинската администрација за негово користење, бидејќи освен електронско издавање на решенијата и регистрирање на трговците од мал обем, оваа софтверско решение истовремено овозможува поврзување со Централниот регистар на Р.М и директна размена на податоците. Активности беа замрзнати, кога Уставниот суд на Р.М донесе Одлука за укинивање на Уредба. Комисијата во рамките на своите седници ја разгледа и работната верзија на Предлог - Законот за рамномерен регионален развој, но веднаш предлагачот ја повлече од разледување и најави дека ќе достави други верзии на овој Предлог - Закон.

## 4. КОМИСИЈАТА ЗА КУЛТУРА

**Претседател:** Владимир Талевски-градоначалник на Општина Битола.

**Членови:** Музафер Бислими-градоначалник на Општина Арачиново, Виолета Аларова-градоначалник на Општина Центар, Трифун Костовски-градоначалник на Град Скопје, Имер Селмани-градоначалник на Општина Сарај, Гоце Величковски-градоначалник на Општина Росоман, Јордан Павлов-градоначалник на Општина Лозово.

**Координатор на комисијата:** Павлина Рибарска

Комисијата за култура при ЗЕЛС, на почетокот на 2006 година одржа една седница, каде леновите на Комисијата ја истакнаа потребата од спроведување ревизија за моменталните состојби во процесот на децентрализацијата во областа на културата, односно конкретно утврдување на институциите што се пренесени од централно на локално ниво и кои во иднина треба да им припаднат на општините. ЗЕЛС испрати писмо до Министерството за култура во кое побара негово активно учествува во сите процеси на распределба на објектите, институциите и проектите од областа на културата. Комисијата достави предлог и до УО на ЗЕЛС да го разгледа прашањето околу издавањата под закуп на културните објектите кои се под ингеренции на Министерството за култура и да даде насоки и решенија за стопирање на ваквата појава, по што беше поднесено и официјално барање до Министерството за култура.

За полесно утврдување на статусот на културните објекти и институции по општините, Комисијата за култура при ЗЕЛС испрати и Прашалник до сите градоначалници за утврдување на овие состојби.

## 5. КОМИСИЈА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И СПОРТ

**Претседател:** Лефкија Гажоска-градоначалник на Општина Крушево.

**Членови:** Ѓорѓе Манушев-градоначалник на Општина Босилово, Славко Велевски-градоначалник на Општина Могила, Ердуан Исеини-градоначалник на Општина Шуто Оризари, Есат Салаи-градоначалник на Општина Врапчиште, Орце Тодоровски-градоначалник на Општина Ранковце, Марјан Костадинов-градоначалник на Општина Виница, Амит Спахиу-претставник од Општина Тетово

**Координатор на Комисијата:** Весна Арсовска Динковска

Во текот на 2006 година, Комисијата за образование и спорт оддржа пет седници, како и повеќе средби со претставници од странски проекти и со претставници од МОН и министерот за образование и наука. Актуелни беа состојбите околу смената на директорите, поради колизијата на два клучни закона. Комисијата расправаше за непринципиелните чекори на МОН во врска со одземањето на надлежностите во областа на образованието. По тој повод беше оддржана и средба со министерот за образование и наука, Сулејман Рушити. Комисијата расправаше за Предлог-Уредбите за методологијата за распределба на наменските дотации за основното и средното образование, при што завзема став дека се потребни корекциии на дадената формула. Со поддршка на Проектот на УСАИД за децентрализација ДАИ, на оваа тема беше оддржана и работилница на

која со помош на меѓународен експерт беа разгледани можностите за утврдување на најадекватна формула.Комисијата оддржа и средби со директорката на Проектот за Модернизација на училиштатата, а заедно со Комисијата за е-општини беа разгледани можностите за „Развојот на ИТ инфраструктурата во образованието". Проектот ПЛУУМ, меѓу другото овозможи техничко зајакнување на Комисијата со претставници од администрација од општините, Теарце, Струмица, Велес, Охрид, и Пехчево. Комисијата дистрибуира прашалник до општините и направи анализа на 60 одговори, при што произлегоа релевантни резултати за состојбите во образованието, за нискиот степен на формирани одделенија за образование во општините, за потребата од пренесување на спортските сали и потребна едукација на општинската администрација од оваа област.

Огромните долгови во образованието неисплатени од Владата, а направени пред стартот на децентрализацијата, исто така беа тема на разговор на Комсијата разгледуваше и даваше свое мислење за повеќе предлог- закони од областа на образованието. Пред членовите на Комисијата редовно беа презентирани информации од состаноците на Работната подгрупа за образование при Министерството за локална самоуправа. На предлог на Комисијата, Управниот Одбор на ЗЕЛС во 2006 година ги донесе следните ставови:

**1.** Износите на средствата утврдени со Предлог - Уредбата за методологијата за распределба на наменските дотации за основното и средното образование да се зголемат од 20 - 25 % и тоа врз основа на реално направените трошоци. Вака утврдените износи да имаат важност најмалку две години, сметано од моментот на преносот на оваа надлежност.

**2.** Во рамките на истата Предлог - Уредба, да се намали дијаметралната разлика во процентуалната изразеност на утврдените долен и голен праг при пресметката на дотациите, и да се утврди ист праг за основното и средното образование. (85%/113%).

**3.** Висината на таканаречениот „стандард за превоз" кој моментално изнесува 1.833,00 денари по ученик да се зголеми во висина од најмалку 2.100,00 денари по ученик.

**4.** Програмата за капиталните инвестиции да биде усвоена од страна на Владата на Р.М. исклучително по претходно добиена согласност од страна на ЗЕЛС. Во спротивно, ЗЕЛС изјавува дека истата нема да биде прифатена од страна на градоначалниците.

**5.** Ревидирање и објективизирање на формулата за пресметка на износите на средствата по основ наменската дотација за основно и средно образование со предвидување на корективни фактори,

**6.** ЗЕЛС бара, согласно позитивните законски прописи, да се доделат средства за дезинсекција, дератизација, санитарни прегледи, анализи на исправноста на водите во училишта и полнење на противпожарните апарати во истите.

**7.** ЗЕЛС ги повика сите градоначалници, да отпочнат постапка за разрешување на директорите со несоодветно образование.

**8.** ЗЕЛС побара законски измени на одредбата за избор на директори на училиштата, и предлага Училишните одбори во основните и во средните училишта, на градоначалникот, наместо еден кандидат, да му предлагаат листа од најмалку двајца кандидати за директори, кои биле најдобро рангирани при изборот на кандидатите извршен од страна на Училишниот одбор.

Како резултат на барањата на Комсијата за образование и ЗЕЛС на крајот на ноември 2006 година, во Буџетот на РМ за 2007 година, средствата за образование беа зголемени за околу 25%, а Владата започна со надоместување на долговите во образованието, направени пред почетокот на децентрализацијата.

## 6. КОМИСИЈА ЗА Е-ОПШТИНИ

**Претседател:** Рами Ќерими-градоначалник на Општина Теарце.

**Членови:** Драги Делев-градоначалник на Општина Гевгелија, Руфат Хусеини-градоначалник на Општина Зајас, Ѓорѓи Ќимов-градоначалник на Општина Неготино, Душко Јовановски-градоначалник на Општина Пробиштип, Кирил Тодоровски-градоначалник на Општина Аеродром, Мирко Иванов-градоначалник на Општина Делчево, Перо Митревски-градоначалник на Општина Македонска Каменица

**Координатор на Комисијата:** Климент Марковски

Во 2006 година, Комисијата за Е-општини оддржа една седница во месец март, на која се презентираше и дискутираше за потребата и моделите за континуирано

одржување на компјутерската опрема во училиштата, на дотогаш инсталираните 5.400 комјутери во 466 локални мрежи, каде веќе се јавува проблемот со нивното одржување.

Презентацијата беше резултат на соработката на ЗЕЛС со проектот „Македонија се конектира“ и се реализира на иницијатива на МОН и УСАИД. Образложени беа два начини на континуирано одржување на компјутерската опрема во училиштата:локално одржување и централизирано мрежно одржување. Според првата, општините, како одговорни за училиштата, да користат подршка само од локални ИТ компании, а втората опција нудеше централизирана поддршка, која драстично би ги намалила трошоците, и која ќе се остварува преку директна поврзаност на локални ИТ компании со Централен Менаџмент центар.

УО на ЗЕЛС заклучи дека потребно е да се направи испитување на мислењето на сите општини за презентираните опции и Комисијата испрати прашалник до сите општини. Поради парламентарните избори во државава оваа иницијатива беше стопирана од страна на МОН.

## 7. КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА

**Претседател:** Љубомир Јанев-градоначалник на Општина Кочани.

**Членови:** Орце Митров-градоначалник на Општина Чешиново- Облешево, Васил Радиновски-градоначалник на Општина Вевчани, Сание Садику-градоначалник на Општина Осломеј, Воислав Киранџиќ-градоначалник на Општина Чучер Сандево, Благоја Николов-градоначалник на Општина Зрновци, Милосин Којнески-градоначалник на Општина Македонски Брод, Ванчо Србаковски-градоначалник на Општина Вранештица, Аљаудин Зекири-градоначалник на Општина Студеничани.

**Координатор на Комисијата:** Весна Арсовска Динковска.

Комисијата за заштита на животната средина одржа две седници во текот на 2006 година. Беа донесени повеќе ставови и задачи, од кои дел беа реализирани во тековната година а, за поголемиот дел, процесот продолжи и во наредната година. Првенствено Комисијата утврди три најважни области за нејзината активност:

**1.** конкретизирање на обврските за општините кои произлегуват од законите кои третираат проблеми од областа на животната средина;

**2.** разгледување на можностите за воспоставување на регионални одделенија за животна средина (повод: издавање на интегрирани Б-дозволи за дејност, што е ставено во надлежност на општините);

**3.** изнаоѓање на реални механизми за имплементација на изработени проекти за регионалните депонии.

Поради потребата од дополнителни стручни мислења во работата на Комисијата, на втората седница беше даден предлог за формирање на Техничка група на Комисијата, што беше во согласност и со препораките на 14 Седница на УО. Од седницата произлегоа следните задачи:

- да се достават барања до градоначалниците на општините Битола, Ресен, Ростуше, Кичево, Охрид, Дојран, Велес, Јегуновце, Куманово, да предложат свои претставници во Комисијата за Техничката група;

- да се разгледаат сите закони и акти од областа на зивитната средина кои се во тесна врска со работењето на општините и да се дадат забелешки, сугестии и предлози за законски измени;

- да се иницира промена на Кривичниот закон во делот на одредбите за животната средина.

- да се предложи поголема застапеност на мандатните казни и казната затвор, онаму каде тоа е можно да се замени со одработување за јавни потреби;

-дел од средствата што се собираат на централно ниво на име даноци и такси произлезени од потребата за заштита на животната средина, да се транферираат и на локално ниво;

- да се аплицира до Министерството за животна средина и до донаторите за организирање на обуки, спроведување на кампањи и афирмација на потребата од заштита на животната средина пред локалното население;

- неопходно итно организирање на обуки за општинската администрација која ќе биде вклучена во издавањето на Б интегрирани дозволи, кои подпаднаа под надлежност на општините, како и организирање на работилници за оние вработени од службите за урбанизам кои ќе бидат вклучени при издавањето на дозволи за градба, каде ќе биде опфатена проценката на влијанието врз животната средина;

- организирање на обуки за изработка на катастар, регистар, планови за отпад и други работи во општините;

- развивање на соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање.

## 8. КОМИСИЈА ЗА УРБАНИЗАМ И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

**Претседател:** Зоран Дамјановски-градоначалник на Општина Куманово.
**Членови:** Славе Христов-градоначалник на Општина Василево, Хазби Лика-градоначалник на Општина Тетово, Петре Латиновски-градоначалник на Општина Бутел, Тодор Тошевски-градоначалник на Општина Демир Капија, Глигур Коцев-градоначалник на Општина Градско, Ристо Гушев-градоначалник на Општина Дојран.
**Координатор на Комисијата:** Наташа Вртеска

Комисијата за урбанизам и просторно планирање во 2006 година одржа три состаноци но најголемиот дел од консултациите и предлозите помеѓу членовите и координаторот во ЗЕЛС се одвиваа по електронски пат, поради кратките рокови наметнати од страна на министерствата и итноста за давањето мислење по нив. Комисијата го разгледа Предлогот за донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за градба и сметаше дека одговара на актуелните потреби, но упати неколку сугестии:

- Конкретно да се дефинира, кој и под кои услови може да се стекне со лиценца, а МТВ што поскоро да донесе Правилник за издавање на лиценци, со конкретно утврден начин на издавање, продолжување и одземање на лиценцата по категории;

- Сеизмиката како составен дел од проектната документација да не се приложува за сите објекти од петта категорија;

- Да се утврди одговорно лице кое ќе биде надлежно да констатира кој објект и под кои услови може да се утврди дека е за уривање, согласно надлежноста утврдена врз одделните категории на градби.

Потоа беа разгледани и две верзии на Предлогот за донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај (од септември и октомври), и беше побарано од МТВ да ги усогласи термините во останатите акти значајни за оваа област. Дадено е мислењето за измена во членот 9 став 1 од Законот која се однесува на можноста за издавање на лиценци за слободен превоз на патници да подпадне под општинска надлежност и забелешки за преиспитување на условите за добивање на лиценца, унифицирање на образецот на дозволата што ја издава МТВ, со образложение дека е голема веројатноста од заедничко организирање на меѓуопштински превоз.

Комисијата го разгледа и Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови и побара:

**1.** Да се утврди начинот на парцијална изработка на урбанистички план за село, односно само еден дел од селото да биде опфатено и усогласено со новите правилници за изработка на урбанистичките планови.

**2.** Да се прецизира во кои конкретни случаи се изработува урбанистички проект освен во случаите од член 50 став 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање.

**3.** Каква е постапката за донесување на урбанистички проекти, односно кој е надлежен за нивно донесување со посебно конкретизирање на тоа кој е надлежен за постапката за донесување на урбанистички проекти точно за делот од проектите кои се надлежност за единиците на локалната самоуправа.

**4.** Да се разјасни што се подразбира под поимот комплекс на градба, да се прецизира што е стамбена куќа, а што стамбена зграда.

**5.** Да се воведат одредби за урбани санациони мерки, доколку не се изработи посебен Правилник за истите.

Беа разгледани и Стандарди и Нормативи за урбанистичко планирање во кои беа разгледувани некои терминолошки усогласувања и конкретизирање на урбаните единици, блок и четврт, големината, пареметрите. Сите овие предлози беа доставени до МТВ, а беше доставен и допис допис со кој се укажува дека за ЗЕЛС и ЕЛС се уште е отворено прашањето со пренесувањето на државното градежно земјиште во сопственост на општините, или пренесување на правото на управување со истото, а беше побарано и разрешување на проблемите што ЕЛС ги имаат со Државниот завод за геодетски работи.

## 9. КОМИСИЈА ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ

**Претседател:** Стојан Лазарев-градоначалник на Општина Конче.

**Членови:** Тони Коцески-градоначалник на Општина Јегуновце, Стојан Маневски-градоначалник на Општина Чашка, Љупчо Којчиноски-градоначалник на Општина Дебарца, Нузи Шахин-градоначалник на Општина Центар Жупа, Борис Гаврилов-градоначалник на Општина Карбинци, Власте Димковиќ-градоначалник на Општина Старо Нагоричане, Лазар Котевски-градоначалник на Општина Новаци, Љупчо Мицковски-градоначалник на Општина Сопиште , Кенан Алиу-градоначалник на Општина Желино.

**Координатор на Комисијата:** Наташа Вртеска.

Комисијата за рурален развој во 2006 година оддржа четири работни состаноци и една работилница. На овие состаноци разгледани беа и дадени мислења, иницијативи и ставови за:

**1.** Законот за земјоделско земјиште;

**2.** Законот за концесиите;

**3.** Законот за минералните суровини;

**4.** Законот за пасишта;

**5.** Законот за шуми;

**6.** Предлогот за донесување Закон за земјоделско земјиште;

**7.** Предлогот за донесување на Закон за земјоделство и рурален развој.

Исто така од страна на комисијата беа разгледани:

- Извештајот од работилницата за легислативата во шумарството во однос на имплементацијата на Стратегијата за одржлив развој на шумарството во РМ со акционен план;

- Сумираните заклучоци по однос на Законот за земјоделско земјиште, Законот за концесиите, Законот за минералните суровини, Законот за пасиштата и Законот за шумите;

- Предлог одлуката за распределба на 2% од ДДВ за 2006 година.

Беа донесени Генерални ставови со кои се настапи пред Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство:

**1.** Општините да бидат вклучени при распределбата на државното земјоделско земјиште;

**2.** Средствата добиени од закупнините на земјоделското земјиште да се распределат во сооднос 50/50 помеѓу државата и ЕЛС која издава под закуп;

**3.** Распределбата на приходите од земјиштето издадено под концесија да се врши во сооднос 50/50 помеѓу државата и ЕЛС;

**4.** Распределбата на приходите кои се прибираат од давањето под концесија на добра од општ интерес, (минерални суровини, пасишта и шуми) да бидат распоредени во сооднос 40% за Републиката и 60 % за ЕЛС;

**5.** Постапката за издавање на земјоделското земјиште во државна сопственост над 4 хектари ја спроведува заедничка Комисија составена од пет члена помеѓу МЗШВ и ЕЛС во која се наоѓа земјиштето кое се издава под закуп;

**6.** Постапката за издавање на земјоделското земјиште во државна сопственост до 4 хектари ја спроведува заедничка Комисија составена од пет члена помеѓу ЕЛС во која се наоѓа земјиштето и МЗШВ.

Соодветните Министерствата во текот на 2006 година ги прифатија целосно или делумно следните иницијативи при донесувањето на:

**1.** Одлуката за распределување на 2% од ДДВ за 2006 со која средствата во износ од 2% од вкупните средства на приходите од данокот на додадена вредност наплатени во претходната фискална година, ќе се користат за финансирање на општините во кои планираните приходи во основниот буџет на општината се пониски за 20% од просечно планираните приходи во основниот буџет по општина на ниво на Република Македонија. Утврдено е распределбата ќе се врши линеарно за општините кои го исполнуваат утврдениот критериум, со исклучок на тоа што Комисијата успеа во листата од општини кои ги исполнуваа утврдените критериуми да ја вметне и општината Лозово која се наоѓаше на границата на поставените критериуми како 24 општина. Образложено беше дека предвидениот буџет на оваа општина е на самата граница на предвидените за 20% пониски од просечно планираните приходи во основниот буџет по општина на ниво на Република Македонија.

**2.** Измените и дополнувањата на Законот за минерални суровини чл. 64 „Утврдување на висина и начин на плаќање на надоместоците“ -Тарифникот за утврдување на висината за вршење на детални геолошки истражувања и концесии за експлоатација на минералните суровини, 60% од средствата претставуваат приход на Буџетот на РМ, а 40% приход на буџетот на општината.

## 10. КОМИСИЈА ЗА ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА

**Претседател:** Зоран Заев-градоначалник на Општина Струмица.

**Членови:** Сокол Митровски-градоначалник на Општина Ѓорче Петров, Панде Сарев-градоначалник на Оштина Штип, Слободан Даневски-градоначалник на Општина Свети Николе, Рамиз Мерко-градоначалник на Општина Струга, Драги Трајчевски-градоначалник на Општина Крива Паланка, Беќир Сакипи-градоначалник на Општина Липково, Ѓорге Петрушев-градоначалник на Општина Богданци.

**Координатор на Комисијата:** Анита Николеска

Комисијата за општинска администратција во текот на 2006 година одржа еден состанок во месец октомври. До Комисијата за општинска администация на разгледување беше доставена работната верзија на „Правилата за работа на месните заедници" изготвена од страна на Работна група при ФИООМ.

Членовите на Комисијата и претставниците од општините генерално ја прифатија работната верзија а забелешките и предлозите ги упатија до ФИООМ.

Во месец декември беше изработена финалната верзија на „Правилата за работа на месните заедници" и дистрибуирана до општините.

## 11. КОМИСИЈА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ

**Претседател:** Џорџе Арсов-градоначалник на Општина Кисела Вода.

**Членови:** Џелал Рамадани-градоначалник на Општина Брвеница, Аце Коцевски-градоначалник на Општина Велес, Љубомир Јанев-градоначалник на Општина Кочани, Марјан Ристески-градоначалник на Општина Прилеп, Борче Гиевски-градоначалник на Општина Зелениково.

**Координатор на Комисијата:** до март: Величе Николовска/ потоа: Душанка Цветкоска

Во текот на 2006 година, Комисијата за финансирање оддража седум седници. Во врска со администрирањето на даноците од имот и на комуналните такси, на покана од Комисијата беше оддржана средба со директорката на УЈП на РМ и неколку нејзини соработници. Беше договорено општините да ги преземат од УЈП базите на податоци за даночните обврзници за да изградат сопствен систем на администрирање кој ќе може да го подобрат и надградат за што УЈП се согласи базите со кои располааат да ги разграничи по општини и да ги достави до ЗЕЛС од каде тие ги преземаа. Комисијата изготви иницијатива за изменување на Законот за комуналните такси во смисла на зголемување на комуналната такса за јавното осветлување од 15 КВ/ч на 30КВ/ч. Во врска со инфраструктурните објекти од нисконапонска мрежа, чија што изградба е финансирана од општините а, со кои стопанисува ЕСМ, беше доставена препорака до УО на ЗЕЛС да оформи стручна работна група која ќе го разгледа прашањето од сите аспекти заради утврдување на понатамошни активности со цел рефундирање на средства што ги вложиле општините.

Разгледана е и поддржана Предлог ИТ стратегијата за фискална децентрализација и акциониот план за имплементација, подготвени од страна на работната група составена од претставници на Министерството за финансии, УЈП, ЗЕЛС и експерти од ЕАР, формирана од УО на проектот Техничка поддршка на Министерството за финансии за фискална децентрализација финансиран од ЕАР. Финансирањето на образованието зазема се поголемо значење во општинското финансиско работење, па во ток контекст беше организирана заедничка работилница на Комисијата за финансии и Комисијата за образование со поддршка на Проектот за децентрализација на УСАИД.

Методологијата за распределба на приходите од данокот на додадена вредност по општини за 2007 година беше разгледувана на повеќе седници при што се правеа повеќе анализи за да се добие најреална методологија.

Се настојуваше Скопје да добие ист третман како и другите општини, со што би се ублажила запоставеноста на Скопските општини во претходниот период. Општините го истакнаа мислењето дека во Републиката треба да постои и рамномерен развој и беше усвоен предлогот на Комисијата за рурален развој при ЗЕЛС, средствата во износ од 2% од вкупните средства на приходите од ДДВ наплатени во претходната година, линеарно да се распределат меѓу општини на Р. М. кои имаат помалку од 5.000 жители. Комисијата предложи процентот од ДДВ, наместо 3% да се зголеми на 5,55%, и истото беше прифатено од УО.

## ЧЛЕНОВИ НА НАДЗОРЕН ОДБОР

- **Панчо Минов** - претседател на Надзорен Одбор
- **Слободан Даневски** - градоначалник на Општина Свети Николе
- **Зоран Дамјановски** - градоначалник на општина Куманово
- **Невзат Елези** - градоначалник на Општина Боговиње

# ПРОЕКТИ И НАСТАНИ

## Изготвен Стратегиски План на ЗЕЛС за 2006-2011 година



Една од најзначајните активности во 2006 годна беше донесувањето на новиот Стратегиски План на ЗЕЛС за периодот од 2006 - 2011 година. Развојниот процес на ЗЕЛС, изразен преку стратегиски цели кои ЗЕЛС ги реализира во изминатиот период, достигнаа стадиум во кој беше потребно продолжување на визијата, утврдување на најцелисходните и приоритетни чекори, со цел најдобро да се одговори на потребите на членството, но и на развојот на формите на организирање со кои ќе се подобри во целост ситемот на локалната самоуправа во Р. Македонија. За таа цел беше формирана посебна Комисија за стратегиско планирање, во состав на градоначалниците: Виолета Аларова-претседател, Имер Селмани, Аце Коцевски, Маријан Ристески, Рами Ќерими и Зоран Заев, како и извршникот директор на ЗЕЛС, Душица Перишиќ и раководителот на правниот сектор при ЗЕЛС, Виктор Арнаудоски. По неколку одржани работилници изготви Нацрт верзијата на Стратегискиот план, која ја упати на разгледување до сите членки на ЗЕЛС. По добиените препораки и сугестии се пристапи кон дефинирање на визијата, мисјата и четирите главни стратегиски цели на Заедницата. Целата фаза на подготовка и изработка на Стратегискиот план беше поддржана од страна на Проектот за децентрализација на УСАИД (ДАИ).

## Развој на јавната локална администрација -ЛОПАД 2

Во текот на 2006 година продолжи реализацијата на проектот „ЛОПАД 2“ финансиран од Амбасадата на Кралството Холандија во Македонија, имплементиран од ВНГ Интернационал, во партнерство со ЗЕЛС, во траење од две години, до ноември 2007 година. Проектот опфаќа две заемно поврзани компоненти. Соработка помеѓу ЗЕЛС и Асоцијацијата на Холандски општини (ВНГ) именувана е како **Компонента А:** Градење на институциите на ЗЕЛС, а втората, или **Компонента Б:** Градење на капацитетите за добро управување на локално ниво. Во рамките на втората компонента, ни з селекционен процес избрани се 26 општини: Дојран, Радовиш, Конче, К. Вода, потоа Битола, Новаци, Могила, Кривогаштани, Долнени, Василево, Босилово, Ново Село, Пробиштип, Кичево, Тетово, Сопиште, Виница, Кочани, Куманово, Аеродром, Теарце, Липково, Ресен и Пехчево, во кои се спроведуваа конкретни активности на полето на локалниот економски развој, општинската даночна администрација и човечките ресурси .

## Советување „Канцелариско и архивско работење“

Во организација на ЗЕЛС и на Државниот Архив на Република Македонија, во март, се одржаа четири еднодневни советувања на тема „Канцелариско и архивско работење“. Советувањата се одржаа во просториите на Архивот, во присуство на голем број вработените од архивските одделенија на општините, на кои присутните говореа за правилата и постапките во оваа област а ги разгледуваа и коментираа Планот и листите на архивски знаци за 2006/7.Ова беше направено согласно голем број барања на општините кои се соочија со проблем во изготвувањето на планот за архивски знаци за 2006, бидејќи со процесот на децентрализацијата општините имаа зголемени надлежности, па истиот требаше да бидат адекватно вметнати и прецизно утврдени.

## Програма за локално управување со училиштата ( ПЛУУМ)

Во март, 2006 година, ЗЕЛС во соработка со Програма за локално управување со училиштата (ПЛУУМ), започна проект за обезбедување на техничка помош и обука на локалните власти со цел да се подобри нивната способност за извршување на



надлежностите од областа на управувањето со училиштата. Станува збор за осумнаесетмесечен проект, финансиран од Амбасадата на Кралството на Холандија во Македонија, а спроведуван од организацијата ДАИ од Вашингтон. Програмата опфаќа две фази. Во текот на 2006 година експертите од ДАИ во рамките на селектираните осум партнерски општини; Берово-Пехчево; Ресен-Крушево; Струмица-Василево; Теарце-Брвеница, работеа непосредно со одговорните општиниски службеници за образование и за буџет, со градоначалниците, директорите на училишатата и со училишните одбори од овие општини. Од таа интерактивна соработка произлегоа клучни инструменти и корисни алатки за воспоставување и развој на образовниот процес во општините меѓу кои особено значајни се изработка на образовни стратегии на локално ниво, утврдување на инвестициони планови, техничка проценка на училишните објекти и ученички превоз, регистар на училиште, утврдување на инвестициони планови, процедура на вклучување на засегнати страни во процесот на управување со образованието, управување со образовните задачи, подготвување на буџети за образованието, рационализација на училишна мрежа, усогласување на потребите на пазарот на трудот со стручното образование. Во текот на 2006 година бенефитите од овој проект ги почувствува непосредно и Комисијата за образование при ЗЕЛС, која беше зајакната со претставници од администрација на општините опфатени од проектот, од областа на образованието, со чија помош, како и со помош на меѓународните експерти од проектот на ПЛУУМ, расправаа за можните начини на разрешување на голем број проблеми со кои се соочуваат општините во областа на образованието и одржаа повеќе заеднички состаноци.

## Формирање и развој на Комисии за односи меѓу заедниците во општините

Со членот 55 од Законот за локална самоуправа од 2002 година, предвидено е да се формираат Комисиите за односи меѓу заедниците во општините каде најмалку 20% од вкупниот број на жители на општината утврден на последниот извршен попис на населението се припадници на одредена заедница.

Во консултација со општините, ЗЕЛС ја согледа потребата од итно утврдување на принципите на функционирање на општинските комисии за односи меѓу заедниците, а со цел поквалитетно уредување на оваа проблематика, ЗЕЛС склучи Меморандум за соработка со ОБСЕ за заеднички активности во насока на попрецизно уредување на прашањето на функционирање на овие комисии. Изготвени беа опсежни истражувања со цел допрецизирање и детализирање на проблематиката, реализирани преку неколку состаноци, додека генерално сумирање на размислувањата и систематизирање на предлозите беше направено на работилницата организирана на 14 март и конференцијата на тема: “Општинска комисија за односи меѓу заедниците”, која се одржа на 28 март, во Скопје.

Во работата на конференција вклучени беа градоначалници од дваесеттина општини, Претседатели на општински Совети, Претседатели на веќе формирани општински комисија за односи меѓу заедниците и стручни лица - правници од општинската администрација. Присутните ги упатија своите сугестии и искуства како придонес во уредувањето на ова прашање.



Резултатите од конференцијата беа формулирани во форма на заклучоци и предлози за измени и дополнувања на постојните општински статути со глава која се однесува на Комисија за односи меѓу заедниците. Истите беа доставени во форма на Предлог до сите општини во републиката истовремено со целосна поддршка и поттик на што поквалитетна доработка на предложените одредби.

## Ефикасно урбано планирање и домување

Во организација на ЗЕЛС, а со финансиска поддршка од Програмата на Обединетите нации - УН Хабитат и Пактот за стабилност, во април, во Скопје се оддржа дводневна Регионална работилница на тема „Развивање на капацитетите за урбан менаџмент за општинските власти”. На работилницата присуствуваа по двајца претставници од локалните власти и Асоцијациите на локалните власти на Албанија, Босна и Херце-говина, Косово, Македонија, Србија, Црна Гора и Хрватска. Секој претставник на локал-ните асоцијации ги презен-тираше позициите и достигну-вањата на локалните власти во областа на урбаниот менаџ-мент во нивната земја, а нивните познавања беа зајакнати со предавања од експерти за урбаниот развој и домувањето.

Целта на работилницата е да се изнајдат најадекватни начини да им се помогне на локалните власти во создавањето на квалитетни законски рамки за ефикасно извршување на задачите од урбаниот менаџмент, урбаното планирање, домување и контрола на градењето, но и да се спроведе во потполност Виенската декларација, чиј потписник е и нашата земја. Проектот продолжува и во наредните години.

## Прв форум за локален економски развој

Во присуство на бројни градоначалници, претставници од општински ЛЕР канцеларии, министерот за локална самоуправа, Ризван Сулејмани, министерот за економија, Фатмир Бесими и високи претставници од УНДП, во месец април беше оддржан „Прв форум за локален економски развој“ на тема „ЛЕР - македонски искуства, практики и предизвици“.



Форумот претставуваше презентирање на начините на градење на политиките и инструментите за промоција на извозот, мапирање и привлекување на домашни и странски инвестиции, прекугранична соработка и развој на човечките ресурси. Од страна на ЗЕЛС беше потенцирана потребата за итно префрлање на градежното земјиште во сопственост на општините со цел да се овозможи побрз локален економски развој. Конференцијата беше оддржана со поддршка на УНДП.

## Правила за регулирање на месните и урбаните заедници

ЗЕЛС со поддршка на Фондацијата Институт отворено општество Македонија организира изработка на Правила за регулирање на месните и урбаните заедници во Република Македонија. За таа цел беше формирана работна група која ги изработи нацрт-правилата за чија промоција и суштинско подобрување на текстот



беа оддржани две јавни дебати во Велес и Скопје, на тема „Правилник за Месните заедници во Р.М.“, во присуство на градоначалници, претставници од општинската администрација и претставници на месните (урбаните) заедници од сите општини. Во општината се создаваат услови за основање на месните заедници, со што се овозможува граѓаните да придонесат за нејзино подобро функционирање во целина. Правилата соодветно се однесуваат и на урбаните заедници, како облик на месна самоуправа што може да се основа во општината. Правилата, во месец декември, беа доставени до сите општини во земјава, и се поставени на интернет страната на ЗЕЛС.

## Подготовка на Етички кодекс за локалните функционери

Согласно заедничкиот проект на УНДП и ЗЕЛС, еспертскиот тим составен од домашни и странски лица,во 2006 година го изготви првиот Нацрт на текстот за Кодексот на однесување на избраните претставници на локалната самоуправа. Дел од принципите набележани во Нацрт верзијата укажуваат на начинот на однесување на локалните функционери кои треба да бидат чесни, одговорни, но и свесни за значењето на јавните добра кои се имот на граѓаните. Функционерите во општините даваат отчет пред целото локално население, вклучувајќи ги оние гласачи кои не им дале поддршка на изборите.



Нацрт Кодексот беше презентиран на повеќе тркалезни маси низ земјата, а последната беше оддржана 17 октомври во Скопје, во присуство на претставници од општините, од Комисијата за антикорупција, Агенцијата за државни

службеници и претставници на странски донатори, чии видување и забелешки беа вметнати во нацртот. Во рамките на проектот предвидено е публикување на Етичкиот кодекс, кој потоа ќе биде предмет на разгледување и усвојување од страна на општинските совети.

## Поддршка кон воспоставување информациска мрежа на локалните власти

ЛОГИН проектот „Поддршка кон воспоставување на информациска мрежа на локалните власти“, поддржан од Институтот отворено општество-Будимпешта, во септември 2006 година ја отпочна третата фаза од својата реализација. Оваа фаза се надгради на претходните две, помогнати од УНДП-Скопје, а со цел ЛОГИН базата на податоци да зајакне во својата основна идеја да се избори до местото на препознатлив извор на документи и информации за сите општини, достапни преку електронски пат. Целите на проектот се: - обезбедување на навремени податоци за промените во националното законодавство, за информации што се однесуваат за новите обврски и надлежности што ги преземаат општините со процесот на децентрализација; - промовирање на ЛОГИН мрежата и базата на податоци меѓу општините и интеграција во меѓународните мрежи по прашањата за локалното владеење; -обезбедување централен пункт на информирање за новините во областа на можностите за обука и нивната имплементација, за грантови и можностите за финансирање; -охрабрување на аналитички пристап и дискусија по реформските процеси; -обезбедување техничка помош и совет на барање на корисниците; -истражување на дополнителни области од интерес за корисниците.

## Имплементација на лидерски стандарди

Во септември, во Скопје, со организирање на тркалезна маса, официјално започна иновативната програма „Стандарди на ефективна и демократска локална власт“, финансиски поддржана од Советот на Европа и од јапонската влада. ЗЕЛС заедно со Советот на Европа и други заинтересирани страни ќе работи на развивање и имплементирање на три програми за зајакнување на капацитетите:



**1.** Програма за развивање на лидерските способности;

**2.** Програма за најдобра пракса;

**3.** Програма за етика на локално ниво.

Програмата има за цел зајакнување на капацитетите на локалната самоуправа, подобрување на услугите кои општините им ги обезбедуваат на граѓаните и модернизација на јавната администрација. Во 2006 започна примената на првата компонента.

На тркалезната маса, во присуство на претставници од единиците на локалната самоуправа, од соодветни министерства и важни интернационални партнери, Советот на Европа ја презентираше програмата „Leadership Benchmark“, при што се дискутираше за нејзината примена и инкорпорирање на донесените заклучоци во развивањето на Македонските лидерски стандарди за ефективна и демократска локална власт. Во декември беа организирани две обуки во Скопје и Кочани, каде присуствува претставници од 40 ЕЛС, кои со свои коментари и сугестии учествуваа во креирањето на Предлог верзијата на „Leadership Benchmark“. По одржувањето на уште две работилници, на кои исто така се очекува претставниците од преостанатите општини во земјава да развијат сопствен пристап на лидерство и реформирање на локалната власт за подобрување на вкупниот раководен и стратешки менаџмент на општината, ќе биде испечатена македонската верзија на „Leadership Benchmark“ и истата ќе биде дистрибуирана до сите ЕЛС.

## Јавно Приватно Партнерство - предизвик за општините

Во организација на ГТЗ и ЗЕЛС, на 19 и 20 октомври, во Охрид, беше организирана работилница, со десет пилот општини, на тема „Меѓуопштинска соработка и јавно-приватна работа“ и „Европските искутва-предизвик за Македонија“. Експерти од Германија пренесоа искуства од нивната земја и говореа за постоечките правни рамки од оваа област. Домашните експерти укажаа на можностите, евентуалните слабости или добрите страни при вклучување на приватниот сектор од нашата земја во обезбедувањето на јавните услуги на локално ниво.



Токму на оваа тема ЗЕЛС, во соработка со Проектот Подобрување на економската ефикасност на јавните комунални преттпријатија (ГТЗ ИПС), на 11 декември, во хотелот „Александар Палас“ во Скопје, организира и семинар за сите градоначаланици од земјава. Г-дин Матиас Елгер, експерт од ГТЗ, на присутните им го пренесе европското искуство за ЈПП, а локалниот правен експерт г-дин Мирослав Трајановски говореше за можностите што ги нуди правната рамка во нашата земја. Беше издаден прирачникот „Правна Рамка за јавно приватна соработка во јавните услуги на локално ниво“, кој им беше поделен на општините.

## Програмата „Форуми во заедниците“ во три пилот општини

Швајцарската Агенција за соработка и развој (СДЦ), Фондацијата Институт отворено општество Македонија (ФИООМ) и Центарот за институционален развој (ЦИРа), на 5 октомври, 2006 година, во просториите на ЗЕЛС, потпишаа договори со трите пилот општини Прилеп, Кичево и Ѓорче Петров за реализирање на 15 месечната програмата „Форуми во заедниците“. Цел на програмата е со непосредно учество да се вклучат граѓаните во решавањето на приоритетните проблеми на локално ниво, во донесување на одлуки кои ќе им овозможат да го подобрат својот живот и да ги реализираат сопствените идеи, а на општините да развијат транспарентна и отчетна локална самоуправа. До крајот на ноември беа организирани по две форумски сесии во секоја општина, пропратени со големо учество на граѓаните и активна дискусија беа издиференцирани приоритетните области за интервенција. Така, во општините Прилеп и Ѓорче Петров, беше утврдена областа „Урбан развој“ а во општината Кичево - „Развој на инфраструктурата“. Следеа уште по четири форумски сесии каде повторно преку форуми и дијалог на граѓаните и општинската администрација заеднички треба да се дизајнираат проектите од веќе утврдените области, а чие спроведување ќе се финансира од буџетот на програмата. За реализација на проектите, СДЦ обезбедува финансиска поддршка од 120.000 ЕУР за секоја општина, при што општините ќе учествуваат со најмалку 25 отсто, а изведувачот на проектот со најмалку 15 отсто од вкупниот буџет на проектите. На свеченоста присуствуваше и г-дин Роман Дербелај, заменик шеф на мисијата и раководител на СДЦ, Н.Е. Амбасадорот на Швајцарија во Р. Македонија, Томас Фуглистер, градоначалниците Маријан Ристески, Владимир Толески и Сокол Митровски и претставници од ЗЕЛС, ФИООМ и ЦИРа.



## Студенти од Факултетот за јавна администрација на ЈИЕУ на пракса во општините

Како резултат на потпишаниот Меморандум за соработка меѓу ЗЕЛС и ЈИЕУ од 2005 година, оваа година од март до мај, студентите од Факултетот за јавна администрација при ЈИЕУ имаа петнаесетдневна пракса во 17 општини, во Град Скопје и во ЗЕЛС. Вкупно 164 студенти ја искористија можноста своето теоретско знаење да го поткрепат со практично искуство, со цел непосредно да се запознаат и соочат со својата идна професија.




Полезноста на проектот беше обострана, бидејќи на овој начин и општините во иднина би добивале кадри кои однапред се подготвени за успешно превземање на административните обврски и одговорности.

## Контакти со домашни и странски претставници

Во текот на 2006 година претставници од ЗЕЛС оддржаа поголем број на средби со домашни и странски претставници и бројни донаторски организации кои го помагаат процесот на децентрализација на власта во нашата земја.

На 1 февруари, во просториите на ЗЕЛС, претседателот и потпретседателот на ЗЕЛС, Андреј Петров и Коце Трајановски имаа средба со претставници од Советот на Европа предводени од Michel Guegan, на која се говореше за состојбите и проблемите на општините, а особен акцент беше ставен на финансиските аспекти на зајакнување на локалната власт.

Претседателот на ЗЕЛС оствари кратка средба и со Горан Свилановиќ, претседавач на првата работна маса за демократија и човекови права на Пактот за стабилност. Членовите на УО оддржаа една средба со Владата, а беа оддржани и поединечни средби со министерот за образование Азис Положани (пред парламентарните избори) и со актуелниот министер, Сулејман Рушити, потоа неколку средби со министерот за транспорт и врски Миле Јанакиески и со министерот за финансии Трајко Славевски, како и една работна средба со заменик на Претседателот на Владата и министер за здравство Имер Селмани.

Претставници од ЗЕЛС, на 18 октомври се сретнаа со претседателот на УО на „ЕВН Македонија“ Георг Валднер и неговите соработници, на која се дискутираше за изнаоѓање на заедничко решение за надоместување на долговите на општините кон ова претпријатие. Во рамките на прелиминарните подготовки на општините за влез во втората фаза од децентрализцијата беа оддржани средби и со претставници на СОНК.

## Средба ЗЕЛС - Влада

Во текот на 2006 година се оддржа една средба со претставниците на Владата на Р. Македонија, на 27 ноември, на која присуствуваа членовите на Управниот одбор на ЗЕЛС, Премиерот Никола Груевски, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за здравство Имер Селмани, министерот за



финансии Трајко Славевски, министерот за локална самоуправа Зоран Коњановски, министерот за транспорт и врски, Миле Јанакиески и министерот за образование и наука, Сулејман Рушити. На средбата, која всушност претставуваше продолжување на воспоставениот континуитет на партнерски однос помеѓу Владата и ЗЕЛС, не присуствуваа градоначалниците, членови на УО на ЗЕЛС, од редовите на ДУИ, но своите ставови во писмена форма ги испратија до ЗЕЛС и истите беа презентирани. Пред претставниците на Владата беа истакнати проблемите со кои се соочуваат општините во процесот на децентрали-зацијата на власта и беа потенцирани претходно донесените ставови .

Премиерот Груевски укажа дека е свесен за проблемите со кои се соочуваат општините и најави дека е подготвен за заеднички дијалог со ЗЕЛС за систематизирано разрешување на проблемите. Побара од градоначалниците поголема соработка, особено во спроведувањето на законите, алудирајќи на актуелните состојби со дивоградбите. Во однос на градежното земјиште изрази недоверба кон градоначалниците но, најави дека Владата го рагледува и тоа прашање. Посочи дека ќе се преземат одредени постапки за законски измени, во правец на зајакнување на финансиската самостојност на општините. Во однос на негативните последици за општините од владината мерка за намалувањето на данокот на доход, беше укажно дека тоа би претставувала незначителна загуба, која ќе биде надоместена со стимулираните нови вработувања и со можното воведување на данок на имот и на приватните компании.

Беше најавено дека Министерството за транспорт и врски следната година ќе одвои 120 милиони денари за инфраструктурни објекти во општините.

Владата побара од општините да се ангажираат повеќе при наплатата на сопствените даноци и најави дека ќе го покрие стариот долг на училиштата, со вкупно 164 милиони денари.

## Конференција „Една година процес на децентрализација во Република Македонија"

На 22 септември во Охрид, ЗЕЛС со поддршка на ОБСЕ, организира Конференција „Една година процес на децентрализација во Република Македонија" со која беше оддбележан едогодишниот период на бројни активности и напори што ги вложија единиците на локална самоуправа од стартот



на децентрализацијата во земјава. На Конференцијата присуствуваа министерот за локална самоуправа на Република Македонија, г-дин Зоран Коњановски, амбасадорот на ЕУ во Македонија, г-дин Ерван Фуере, амбасадорката на САД, г-ѓа Џилиен Миловановиќ, потоа амбасадорот на ОБСЕ, г-дин Карлос Паиш и амбасадорката на Кралството Холандија, г-ѓа Фредерик Марија де Ман. Тие во своите одбраќања го изразија своето задоволство од досега постигнатите резултати при што истовремено упатија отворена поддршка за општините во преземањето на идните чекори во про-цесот на префрлање на надлежностите на локалната самоуправа.



Конференцијата беше збогатена со презентирање на податоците од „Извештајот од резултатите од анализата на имплементација на процесот на децентрализација" спроведен во јули 2006 година, во општините во земјава, од Секторот за реформи во јавната администрација при ОБСЕ.

Анализата ја образложи д-р Филип Штил, од ОБСЕ при што појасни дека нејзината цел не е само да состави преглед на моменталната состојба на работите, туку да се понудат одредени предлози за активностите кои се спроведуваат од страна на ОБСЕ и останатите релевантни членови на меѓународната заедница со цел тие да дејствуваат како релевантни и конструктивни партнери на владата и општините. Конференцијата заврши со презентацијата на претседателот на ЗЕЛС, Андреј Петров, кој во неа освен проблемите со кои се соочија општините, посебно внимание посвети и на добивките од ваквиот процес. Како такви ги наведе реформите во правниот и образовниот систем, во системот на финансирање на локалната власт, во отворањето на можностите за побрз економски развој, за успешно планирање и уредување на просторот, за развој и негување на културните вредности и пред се во отворањето на општините кон граѓаните- нивните непосредни жители.

Тој во своето обраќање им се заблагодари на претставниците на меѓународните организации присутни во земјава за нивната континуирана подршка на локалната власт за полесно прифаќање и спроведување на пренесените надлежности.

## Ефективно демократско владеење на локално и регионално ниво

На 8 и 9 ноември, во Скопје, беше оддржана втората Регионална министерска конференција на земјите од Југоисточна Европа, во организација на Владата на Р. Македонија, а под покровителство на Пактот за стабилност на земјите од Југоисточна Европа и на Советот на Европа, на тема „Ефективно демократско владеење на локално и регионално ниво". Конференцијата имаше за цел да го оцени напредок во реформата на локалната самоуправа во земјите од ЈИЕ, да ги поттикне реформите кон зајакнување на локалната демократија, да ги презентира Националните работни програми за наредниот период, како и да ја охрабри



поддршката на меѓународната донаторска заедница, заснована на потребите на секоја од земјите учеснички. Беа одржани четири тематски сесии и тоа „Јакнење на институционалната рамка за локална власт во земјите од ЈИЕ", „Јакнење на капацитетот на локалната власт", „Подобрување на прекуграничната соработка во регионот" и „Локална демократија низ регионот".

На Конференцијата беше усвоена Декларација, со која учесниците изразија подготвеност да ја развиваат локалната самоуправа и локалната демократија преку заедничка соработка и соработка со асоцијациите на локалните власти. На Конферен-цијата учествуваа и претставници од ЗЕЛС.



По Конференцијата, претставниците на НАЛАС оддржаа средба во просториите на ЗЕЛС.

# ПУБЛИКАЦИИ

## Месечно Гласило на ЗЕЛС



Во текот на 2005 година беа издадени пет изданија од месечното „Гласило“ на ЗЕЛС. Поради престанок на донацијата од страна на Проектор за децентрализација на УСАИД (ДАИ) и потребата од отворање на постапка за јавни набавки Гласилото не се печатеше во периодот од мај до октомври. Поголем дел од издадените публикации беа печатени од средствата од членарината на ЗЕЛС. Гласилото се печати на 24 страници, во тираж од вкупно 2.400 примероци, на македонско-албански и на македонско-англиски јазик. Во Гласилото се презентираат најважните месечни активности што ЗЕЛС ги реализира самостојно или во соработка со донаторите.

Тоа се бројни манифестации, обуки, проекти, семинари, одлуки на УО, средби, презентирани ставови од локалната самоуправа.

Континуирано се објавуваат интервјуа со градоначалници, а се претставени и активности на некои општини и најдобри општински пракси. Гласилата се диструбуираат до градоначалниците, до членовите на сите општински совети, до дел од општинската администрација, до претставници на државни институции, до членови на Владата, до парламентарците, до дипломатскиот кор и меѓународни институции присутни во нашата земја, невладиниот сектор, медиумите, библиотеки и друго.

## Инвестициони дестинации на општините во Македонија

Во март, во Стопанската комора на Македонија, Агенцијата за странски инвестиции, ЗЕЛС и УНДП ја промовираа публикацијата „Инвестициони дестинации на општините во Македонија“. Публикацијата претставува голем исчекор во промовирање на потенцијалите и бизнисот во Македонија и во неа е посветено внимание на идентификување на инвестициониот потенцијал на општините, при што за почеток се опфатени 13 општини. Прикажана е точна слика за сите погодности кои ги нуди секоја од опфатените општини, а како предуслов за успешна комуникација со инвеститорите, дадени се 55 локации погодни за Greenfield инвестиции и 40 профили на компании.



## Стратегиски план на ЗЕЛС 2006-2011 година



Развојниот процес на ЗЕЛС, изразен преку стратегиските цели кои беа реализирани во изминатиот период, го достигна стадиумот во кој е потребно продолжување на визијата, утврдувањето на најцелисходните и приоритетните чекори со цел најдобро да се одговори на потребите на општините, членки на ЗЕЛС. Како резултат на ваквата потреба беше изготвен новиот Стратегиски план на ЗЕЛС за 2006-2011 година. Во него е презентирана мисијата, визијата, вредностите по кој ќе се раководи и движи ЗЕЛС во идните пет години, а особено се опфатени четирите главни стратегиски цели, начинот на нивното спроведување, акционен план, потоа SWOT анализата и извештај од анкетата од повеќе општини. Во креирањето и публикувањето на Стратегиски план, ЗЕЛС континуирано добиваше поддршка од Проектот за децентрализација на УСАИД (ДАИ).

## Годишен извештај за 2005 година




За прв пат ЗЕЛС издаде публикација ,,Годишен извештај за 2005 година“ во кој се прикажани активностите што Заедницата ги спроведуваше низ целата година, а кои беа од особено значење за ЕЛС, бидејќи тоа беше година во кој беа спроведени локалните избори и официјално започна децентрализацијата на власта во земјава. Во рамките на оваа публикација беше објавен и финансискиот извештај на ЗЕЛС за 2005 година.

## Брошура „Како до одобрение за градба“



Во средината на октомври, во рамките на проектот на ЗЕЛС и ОБСЕ, кој предвидува доближување на постапките од областа на урбанизмот до граѓаните, беше издадена брошурата „Како до одобрение за градба“. Ја подготвија пет стручни лица од општинската администрациај на општините Чаир, Василево, Битола, Куманово и Тетово, со поддршка на стручната служба на ЗЕЛС.

Брошурите беа дистрибуирани до општините кои потоа им ги делеа на своите

граѓани. На триесетина страници дадени се корисни информации за процедурите за издавање на одобрение за новоградба, која потребна документација граѓанинот, односно инвеститорот треба да поднесе до општината. Претставени се и неколку специфични случаи при градење, процедури за адаптација и пренамена, потоа наведени се градбите за кои не е потребно одобрение, условите за формирање и уредување на градилиште, трошковникот за постапка за градење, како и категоризација на градбите. Општините имаа можност при нарачката на брошурите да стават и свое лого и краток осврт од градоначалникот.

## Прирачник за управните постапки во урбанистичкото планирање, комуналните дејности и финансискиот менаџмент

Издавањето на Прирачникот е резултат на направена анализа во неколку пилот општини каде беше забележано дека во различни општини вработените во општинската администрација постапуваат на различни начини, што е во спротивност со начелата на Управната постапка. Изборот на урбанистичкото планирање, комуналните дејности и финансискиот менаџмент е резултат на проценката дека во овие области се најчестите барања на физичките и правни лица за остварување на нивните права и обврски и дека токму во нив најмногу доаѓа до израз примената на Законот за општа управна постапка. Прирачникот на едноставен и прифатлив начин за граѓаните и правните лица ги објаснува потребните чекори за остварување на нивните права и интересите, а истовремено презентира своевиден урнек за воедначена управната постапка за државните службеници при донесувањето или издавањето на поединечните управни акти во наведените области. Во прирачникот е опишан и надзорот што го спроведуваат овластените инспектори во овие области, а содржи текстиуален дел во кој е опишана самата постапка и табеларен дел во кој е прикажан самиот процес на отпочнување, водење и решавање на барањето.




## Водич низ ЛОГИН базата на податоци

Во рамките на проектот „Поддршка кон воспоставување на информативната мрежа за локалните власти“ - ЛОГИН, во месец декември беше издадена публикацијата „Водич низ ЛОГИН базата на податоци“. Таа е наменета за корисниците на ЛОГИН менито што се наоѓа на интернет страницата на ЗЕЛС, www.zels.org.mk. Водичот го насочува корисникот како да ги ползува ЛОГИН алатките.




На тој начин локалната администрација може да си обезбеди поголема достапност до потребните информации, одлуки, закони, подзаконски акти, решенија, документи кои се наоѓаат во електронската база на податоци, а кои се однесуваат на процесот на децентрализацијата во Р. Македонија.

## Адресар на општините на Р. Македонија

„Адресар на општините на Р. Македонија“ е публикација која на 246 страници преку слика и текст нуди информации за сите 84 општини и Град Скопје. Содржи податоци за местоположба, територија, население, стопанска структура на секоја општина, главни економски активности, поважни телефонски броеви и други контакти со општината, структура на општинската администрација, податоци за градоначалникот, членови на Советот на општината, институции под ингеренции на општината, реализирани проекти и проекти во тек, буџет на општината, постоење на невладини организации... Адресарот го изработи МЦМС во соработка со ЗЕЛС, а беше промовиран во ноември, во присуство на министерот за локална самоуправа, Зоран Коњановски, бројни градоначалници и претставници на граѓанските здруженија.



Адресарот е испечатен на македонски, албански и на англиски јазик и поголем број примероци се поделени на општините и на меѓународните претставници во нашата земја.

Извршен Директор
**Душица Перишиќ**

Заменик Извршен Директор и раководител на одделение за односи со јавноста, обука и услужни дејности
**Ардита Дема**

Советник Координатор за односи со јавноста
**Весна Арсовска Динковска**

Советник за информатичка технологија
**Климент Марковски**

Советник Координатор за обука
**Анита Николеска**

Советник Координатор за развој на услужни дејност
**Павлина Рибарска**

Советник - Кординатор на проектот ЛОГИН
**Ивана Серафимова**
(од септември 2006)

Раководител на одделение за нормативно-правни, материјално-финансиски и административни работи
**Виктор Арнаудоски**

Советник за нормативно правни прашања
**Наташа Вртеска**

Советник за материјално-финансиско работење
**Величе Николовска** / до април 2006
**Душанка Цветкоска** / од април 2006

Самостоен административно технички референт
**Слободанка Аранѓеловиќ**

Помлад референт, преведувач
**Наим Етеми**

## Структура на приходите остварени во 2006 година

| Приходи според извори | денари | учество во вкупните приходи % |
|---|---|---|
| Приходи од членарини | 4.297.447 | **24,90** |
| Приходи од извршени услуги | 555.379 | 3,22 |
| Приходи од камата и поз. курсна разлика | 30.745 | 0,18 |
| Приходи од користење на корелаторите | 0 | 0 |
| Приходи од донации | 6.506.174 | **37,70** |
| Пренесен вишок на приходи од минатата година | 5.778.795 | **33,50** |
| Приходи од наем на деловен простор | 87.262 | 0,50 |
| **Вкупно** | **17.255.802** | **100,0** |

## Преглед на остварени приходи од донации и грантови, според донатори

| Донатор | износ денари |
|---|---|
| ДАИ | 4.154.991 |
| ВНГ | 293.047 |
| Совет на Европа | 867.010 |
| ЛОГИН | 471.630 |
| ОБСЕ | 230.770 |
| Фондација Институт Отворено Општество | 24.480 |
| МЦМС | 89.036 |
| УН Хабитат | 198.373 |
| ЛГИБ | 176.837 |
| **ВКУПНО** | **6.506.174** |




## РЕАЛИЗАЦИЈА НА ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЗЕЛС ВО 2006 година

| **А ПРИХОДИ** | | Конто (старо) | ПЛАНИРАНОза 2006 година денари | РЕАЛИЗИРАНО за 2006 година денари | Индекс во однос на планирано |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Вишок на приходи од измината години | | 5.778.795 | 5.778.795 | 100 |
| 2. | Членски придонес од општините | | 6.067.551 | 2.883.246 | 47 |
| 3. | Приходи од донации | | 15.150.000 | 6.506.174 | 43 |
| 4. | Приходи од извршени услуги | | 600.000 | 642.641 | 107 |
| 5. | Приходи од камата | | 40.000 | 30.745 | 77 |
| 6. | Приходи од изминати години (членарини) | | 2.537.195 | 1.414.201 | 56 |
| 7. | Приходи од сопствена дејност | | | | |
| | **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | | **30.173.541** | **17.255.802** | **57** |
| **Б РАСХОДИ** | | | | | |
| 1. | Трошоци за материјали 400 | 400 | 800.000 | 313.893 | 39 |
| 2. | Трошоци за енергија 401 | 401 | 350.000 | 243.383 | 70 |
| 3. | Трошоци за пошта, телефон и други - производствени услуги 404 | 402 | 1.500.000 | 920.774 | 61 |
| 4. | Трошоци за печатење 403 | 402 | 2.800.000 | 668.304 | 24 |
| 4. | Трошоци за услуги извршени од друг<br>402 - сервис<br>4171 - хигиена<br>408 - наем на опрема<br>закуп за ЗЕЛС - ЕКСПО | 403+ 418 | 1.500.000 | вкупно<br>323.090<br>30.111<br>112.144<br>180.835 | 22 |
| 5. | Трошоци за репрезентација и реклама 405 | 405 | 800.000 | 685.297 | 86 |
| 6. | Трошоци за дневен печат, службени весници и списанија,дозволи, патарина, суд.такси 409 | 408 | 80.000 | 73.848 | 92 |
| 7. | Трошоци за регистрација и осигурување 409 -4120 | 408+ 413 | 150.000 | 147.101 | 98 |
| 8. | Премија за осигурување лица 4121 | | | 20.763 | |
| 8. | Расходи за организација на семинари, советувања и слично<br>409<br>4170,.4171,4174,4179 - превод .предавачи. | 408 | 3.000.000 | Вкупно<br>823.112<br><br>196.220<br>626.892 | 26 |
| 10. | Трошоци за банкарски услуги 410 | 410 | 60.000 | 51.713 | 96 |
| | Дневници за службен пат и патни трошоци 413 | | | 155.650 | |
| 11. | Надомест на трошоците на работници и граѓани 4141, 4149, 417 | 415 | 270.000 | 185.891 | 69 |
| 12. | Трошоци за надомест за хранарина 4140 | 415 | 450.000 | 313.015 | 70 |
| 13. | Трошоци за превоз на вработените 4143 | 418 | 220.000 | 167.990 | 76 |
| 14. | Трошоци за закупнина на дел. простор 408 | 418 | 1.000.000 | 940.208 | 94 |
| 15. | Останати расходи<br>418, 416 и 415 - членарина, нег. курсна разлика | | | 87.549 | |
| 16. | Трошоци за меѓународна соработка 4200 | 420 | 1.100.000 | 266.130 | 24 |
| 17. | Издатоци за работа на комисиите 4201 | 420 | 300.000 | 0 | |
| 18. | Трошоци за набавка на опрема 441 | 441 | 1.500.000 | 49.786 | 3 |
| 19. | Бруто плата 460 | 460 | 6.000.000 | 4.559.825 | 76 |
| 20. | Резервирања на трошоци за одржување на опремата | | 20.000 | 0 | 0 |
| 21 | вкупно | | | 10.997.320 | |
| 21. | Данок од доход | | 50.000 | 70.712 | 141 |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ :** | | | **30.173.541** | **11.068.032** | **36** |
| ВИШОК НА РАСХОДИ НАД ПРИХОДИТЕ<br>ВИШОК ПРИХОДИ НАД РАСХОДИ<br>Вишокот на приходите се пренесени во наредниот период | | | | **6.187.770** | |

## Приходи во 2006 година




- Вишок на приходи од изминатата години
- Членски придонес од општините
- Приходи од донации
- Приходи од извршени услуги
- Приходи од камата
- Приходи од изминати години (чланарини)

## Расходи во 2006 година




- Трошоци за материјали: 400
- Трошоци за енергија: 401
- Трошоци за пошта, телефон и други -производствени услуги: 404
- Трошоци за печатење: 403
- Трошоци за услуги извршени од друг
- Трошоци за репрезентација и реклама: 405
- Трошоци за дневен печат, службени весници и списанија, дозволи, патарина, суд. такси: 409
- Трошоци за регистрација и осигурување: 409 - 4120
- Премија за осигурување лица: 4121
- Расходи за организација на семинари, советувања и слично
- Трошоци за банкарски услуги: 410
- Дневн. за сл. пат и патни трошоци: 413
- Надомест на трошоците на работници и граѓани: 4141, 4149, 417
- Трошоци за надомест за хранарина: 4140
- Трошоци за превоз на вработените: 4143
- Трошоци за закупнина на дел. простор: 408
- Останати расходи
- чланарина, нег. к. раз.: 418, 416 и 415
- Трошоци за меѓународна соработка: 4200
- Издатоци за работа на комисиите: 4201
- Трошоци за набавка на опрема: 441
- Бруто плата: 460
- Резервирања на трошоци за одржување на опремата

Наслов:
**Годишен извештај 2006**

Издавач:
**Заедница на единиците на локалната самоуправа**
**на Република Македонија - ЗЕЛС**

Адреса на издавачот:
**ЗЕЛС**
ул. „Ристо Равановски 3“
П.Ф. 377, 1000 Скопје
Република Македонија
Тел: 02/3099033
факс 02/3061994
e-mail: contact@zels.org.mk
**www.zels.org.mk**

Извршен директор:
**Душица Перишиќ**

Подготвил:
**Весна Арсовска Динковска**

Фотографии:
**Од Фотоархивата на ЗЕЛС**

Тираж: македонски 200
Број на страни: 24

Дизајн и печат:
**Репринт**

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска
библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

352.071.84(497.7)"2006"(047)

ГОДИШЕН извештај 2006 / (подготвила Весна Арсовска Динковска).
- Скопје: Заедница на единиците на локалната самоуправа на
Република Македонија - ЗЕЛС, 2007. - 24 стр. : илустр. ; 21 x 30 cm

ISBN 978-9989-186-16-5
1. Арсовска Динковска, Весна
а) Заедници на единиците на локалната самоуправа на Република
Македонија - 2006 - Извештаи
COBISS.MK-ID 70302218



# ЗЕЛС ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2006

ЗАЕДНИЦА
НА ЕДИНИЦИТЕ
НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Т +389 (0)2 30 99 033

Ф +389 (0)2 30 61 994

Ристо Равановски 3

П. фах 377 • 1000 Скопје • РМ

contact@zels.org.mk

**www.zels.org.mk**

1972
**35 години**
претставник
на интересите
на единиците
на локалната самоуправа
2007